ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2016 година бр.09-513/18 од 23.12.2015, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (второ изменување и дополнување)**

Јавната Презентација по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (второ изменување и дополнување) ќе се одржи на ден 06.07.2016 г. (среда) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр. 61.

Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (второ изменување и дополнување) се однесува на опфатот кој е дефинирн со следните граници: почетна точка пресек на осовини на улица „Димитар Робев" (стар назив „Прилепска") и новопланирана улица „Прва" – дел од Новачки пат, северена граница по осовина на улица „Димитар Робев" (стар назив „Прилепска"), северна граница на КП бр. 11871, КП бр. 11879 и северната граница на дел од ГУП-Блок 6 наменет за лесна индустрија, на исток граница е регулираниот отворен канал, на југ осовина на Новачки Пат и на запад осовината на улица „Прва" – дел од Новачки пат каде се спојува во почетната точка.

Графичкиот прилог од Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (второ изменување и дополнување), ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 06.07.2016 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета. Површината на дефинираниот плански опфат изнесува 11ха.

**Јавната Анкета по Предлог Детален Урбанистички План за „дел од Градска Работна Зона северно од патот Битола – с.Новаци Блок 1, Општина Битола" (второ изменување и дополнување), ќе трае 11 работни денови почнувајќи од 06.07.2016 год. заклучно со 20.07.2016 год.**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Во одредениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот масовно да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-780/3
28.06.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk